Врз основа на член 20 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и на другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-10853/1 од 04.08.2025, ООУ „Блаже Конески“ Општина Аеродром-Скопје објавува

ОГЛАС
за прибирање на понуди за организирање на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на за учебната 2025/2026 година

1. КОРИСНИК ООУ „Блаже Конески“Општина Аеродром со седиште на ул. „Венијамин Мачуковски“ бр.4 – Општина Аеродром, Скопје, тел./факс 02 2469-746

2. ПОНУДУВАЧ Право да поднесе барање за организирање на екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците има секое заинтересирано правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност согласно со предметот на договорот.

3. ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ Е ДЕЛИВ, А СЕ ОДНЕСУВА НА:

- Еднодневен есенски излет за ученици од I-IX одделение (излетничко место Водно)
- Еднодневен пролетен излет за ученици од I-V одделение (излетничко место парк Гази Баба)
- Еднодневен пролетен излет за ученици од VI-IX одделение (излетничко место парк Гази Баба)
- Еднодневна екскурзија за ученици од III одделение (градот Тетово)
- Настава во природа за учениците од V одделение (Охрид)
- Дводневна екскурзија за ученици од VI одделение (Источна Македонија- Дојран)
- Тридневна екскурзија за ученици од IX одделение (Западна Македониј - Охрид)

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите и другите активности е најниска цена.

Минимални услови кои треба да ги исполнува понудувачот се:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- Да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
- Да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже минималните услови:

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на соодветна туристичка дејност
- Потврди за реализирана сопствена аражманска програма во РС Македонија

- Изјава дека ги исполнува условите за превоз на групи на деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возила со кои се превезуваат групи на деца

Вредноста на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот изнесува од 5% од вкупната вредноста на договорот.

Огласот трае 5 работни дена од денот на неговото објавување.

Тендерската документација може да се подигне од архивата на училиштето секој работен ден од 09 часот до 12 часот или од веб страната на училиштето https://ooublazekoneski.edu.mk/.

Понудите се доставуваат најдоцна до 04.11.2025 во архивата на ООУ „Блаже Конески " ул. „Венијамин Манчуковски" бр 4, со назнака Комисија за прибирање понуди за екскурзии.

Понудата која нема да биде доставена на документацијата потпишана и заверена од страна на понудувачот, како и понуда која нема да ги содржи сите потребни документи ќе се смета за некомплетна и како таква нема да биде разгледувана.

Јавното отварање ќе се оддржи во училиштето на 04.11.2025 во 13:00 часот.

Комисија за прибирање
на понуди за екскурзии
Марјана Зејнилоски